Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11,192/15 , 209/18) и (“Службен весник на Република Северна Македонија бр 244/19, 53/21, 77/21, 150/21,173/22)” член 31 од законот за буџетите(“Службен весник на Р.М.” број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10 180/11, 171/12, 192/15, 167/16), и(“Службен весник на Република Северна Македонија бр.79/20 и 151/21 и 203/22) и член 93 став 2 од Законот за административните службеници (“Службен весник на Р.М.” број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16,2/17, 16/17, и 11/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/19, 14/20,112/20, 302/20 215/21, 99/22), одредбите на гранскиот колективен договор за органите на државната управа , стручните служби на владата на Република северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство , општините Градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите фондовите и другите органи основани од собранието на република Северна Македонија ( “Службен весник на Република Северна Македонија бр 51/20, 172/21) и член 22 од Статутот на Општина Василево (“Службен гласник на Општина Василево бр.12/2020), Советот на општина Василево на 19 та седница одржана на 31.01.2023 година донесе

О Д Л У К А

За измена и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Василево за 2023 година

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Василево за 2023 година “Службен гласник на Општина Василево” бр 15/2022 член 9 став 1 алинеа 1 се менува и гласи:

Коефициентот за исплата на плата на градоначалникот е утврден согласно закон кој изнесува 2.9, а основицата на која се пресметува изнесува 26.755 денари

**Член 2**

Член 14 се менува и гласи

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од програма –општинска администрација–Е0 расходно конто 404110- Надомест за годишен одмор на основа донесено решение од Градоначалникот.

Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од најмалку 9000,00 денари нето, под услов вработениот да работел најмалку шест (6) месеци во календарската година кај работодавачот.

Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината, а најдоцна до крајот на тековната година.

Правото на регрес за годишниот одмор има и вработениот кој во текот на календарската година се вработил кај друг работодавач во смисла на овој колективен договор.

**Член 3**

Член 18 се менува и гласи:

Исплатат на ндоместоците за отпремнина за пензионирање на вработените во Општината и локалната јавна установа ќе се врши од програма –Градоначалник –Д0, односно од програмата во која се планирани средствата за исплатат на оваа намена, во висина од две просечни исплатени месечни нето плати во Републиката објавени до денот на исплатата

“Во случај на смрт на вработен, на неговото семејство му се исплаќа парична помош во висина од 30.000,00 денари.

На вработениот, во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоените деца и децата земени на издржување) му се исплаќа парична помош во висина од 15.000,00 денари. Во случај на непрекинато боледување подолго од 6 месеци на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна просечна нето плата исплатена кај работодавачот.

Во случај на потешки последици од елементарни непогоди, работодавачот може на вработениот да му исплати парична помош, најмалку во висината на една основица од просечна нето плата во Република Северна Македонија.

Надоместоците од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната година.

Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината”.

**Член 3**

Член 19 се менува и гласи:

“Исплата на име Јубилејните награди ќе се врши од програмата-Општинска администрација – Е0 расходно конто 464990-Други трансфери на основа донесено решение од Градоначалникот, согласно Закон за работните односи и Правилникот за плата, додатоци на плата, надоместоци на плати и други примања на помошно-техничките лица вработени во општинската администрација на Општина Василево.”

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Василево”,

Претседател на совет на
Општина Василево
Ристо Делијанов

Бр 08-144/1
01.02.2023